ПП 9 4180



годишен

>> ИЗВЕШТАЈ

2003

МЦМС >>
10 ГОДИНИ

СОДРЖИНА

ВОДОСНАБДУВАЊЕ И САНИТАЦИЈА

ВОДОСНАБДУВАЊЕ И САНИТАЦИЈА НА ЗАЕДНИЦИТЕ (ВСЗ) — 4
ЗДРАВА ВОДА ЗА ПИЕЊЕ ЗА 140 ЗАБРЧАНЦИ — 4
ТРУДОТ НА КРАЈОТ СЕ ИСПЛАТУВА — 5
ОСПОСОБУВАЊЕ НА ЗАЕДНИЦИТЕ И ИНСТИТУЦИИТЕ (ОЗИ) — 5
КАКО ДА ИМ ПРИСТАПИМЕ НА ДОНАТОРИТЕ — 5

ЗДРАВСТВО И ОБРАЗОВАНИЕ

ПРИМЕНЕТО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА МЛАДИТЕ РОМИ (ПОР) — 6
СОС-ЛИНИЈА ЗА ПОМОШ ОД ДРОГИ — 6

ВРАБОТУВАЊЕ И ГЕНЕРИРАЊЕ ПРИХОДИ

ПРОГРАМА ЗА ФИНАНСИСКИ УСЛУГИ (ФУ) — 7
ПРОГРАМА ЗА НЕФИНАНСИСКИ УСЛУГИ (НФУ) — 7
ПОТПИШАНИ РАМКОВНИ ФИНАНСИСКИ ДОГОВОРИ ПОМЕЃУ МРФП И АКРЕДИТИРАНИТЕ ФИНАНСИСКИ ИНСТИТУЦИИ — 7

ГРАЃАНСКО ОПШТЕСТВО И ДЕМОКРАТИЈА

ПЛАТФОРМА НА ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ВО МАКЕДОНИЈА - (ПГО) — 8
НВО САЕМ - 3 ФОРУМ НА ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО ВО МАКЕДОНИЈА — 8
ГРАДЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ (ГКГ) — 8
НАПРЕДЕН КУРС ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА — 8
ЈАКНЕЊЕ НА СТРАТЕШКИТЕ ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ (ЈСН) — 9
ЈАКНЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА ЖЕНСКИТЕ НВО (ЈЖН) — 9
ГРАЃАНСКО СОВЕТОДАВНИ ЦЕНТРИ (СЦР) — 9
СТРАНИЦИ ЗА МЕЃУСЕБНО РАЗБИРАЊЕ (СМР) — 10
ПОДДРШКА НА РАСЕЛЕНИТЕ ЛИЦА (ПРЛ) — 10

КОРССЕКТОРСКИ ПРОГРАМИ

НАГРАДА ЗА ГРАЃАНСКО ОПШТЕСТВО И ДЕМОКРАТИЈА (ГОД) — 10
НАГРАДА ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ ХЕРТ ЈАН ВАН АПЕЛДОРН (ГЈА) — 10

МЕЃУНАРОДНИ ПРОГРАМИ

ЈАКНЕЊЕ НА ПАРТНЕРИТЕ ВО КОСОВО (ЈПК) — 11
МРЕЖА ЗА ГРАДЕЊЕ КАПАЦИТЕТ (МГК) — 11

СТРУКТУРА И РАЗВОЈ НА МЦМС

ИЗВРШНА КАНЦЕЛАРИЈА НА МЦМС — 12

ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ 2003 — 14

ПРЕГЛЕД НА ПРОЕКТИТЕ ВО 2003 ГОДИНА — 19

МИСИЈА

Македонскиот центар за меѓународна соработка (**МЦМС**) е организација на граѓанското општество што работи во областа на одржливиот развој, градење на света и на социјално-хуманитарната (основна) помош.

Целта на МЦМС е поттикнување, поддршка и развој на локални, национални и меѓународни иницијативи за унапредување на одржливиот развој на човечките ресурси во Македонија и надвор од неа.

За остварување на целите и задачите МЦМС ги мобилизира и ги организира човечките ресурси, финансиските и материјалните средства, како во земјата, така и во странство.

МЦМС за активностите обезбедува средства од повеќе агенции на Светскиот совет на црквите и од владини и меѓународни организации.

ЦЕЛИ, СЕКТОРИ И МЕТОДИ

Стратешки цели на МЦМС се:

- промоција на мирот;
- понатамошен развој на граѓанското општество;
- помош на групи што имаат потреба за неа.

МЦМС е активен во следниве сектори:

- водоснабдување и санитација;
- образование;
- рурален развој;
- вработување и генерирање приходи;
- граѓанско општество и демократизација;
- итна помош.

МЦМС активностите ги остварува преку:

- поддршка на проекти;
- обука и совети;
- информации;
- застапување и лобирање;
- раководење.

МЦМС е презапишан во Регистарот на здруженијата на граѓани и фондации во Основниот суд - Скопје 1, под регистарски број 492, со решение бр. 434/99 од 06.10.1999 година. Матичен број 4878256. Единствен даночен број 4030994180119.

Издавач
Македонски центар за меѓународна соработка

Адреса на издавачот:
Македонски центар за меѓународна соработка
ул. „Никола Парапунов" бб, п. фах 55, 1060 Скопје
Република Македонија
тел. 02/3065-381; факс. 02/3065-298
e-mail: mcms@mcms.org.mk
www.mcms.org.mk

Извршен директор
Сашо Клековски

Одговорен уредник
Грамоз Шабани

Лектор
Даниел Медароски

Фотографии
Фотоархива на МЦМС,
ЗИП ЗАП / кампања „Јас живеам овде"

Графички дизајн
ЗИП ЗАП, Скопје

Печати Боро графика, Скопје

Тираж 700 копии

ПОРАКА ОД РАКОВОДСТВОТО



Мирко Спироски
претседавач

Сашо Клековски
извршен директор



Оваа, 2003 година, помина во релативно стабилна политичка ситуација (и понатаму бавно, но сепак доследно спроведување на одредбите од Рамковниот договор).

Негативните економски трендови од минатата година не се запрени, а најавените и делумно започнатите реформи (решавање на претпријатијата загубари; намалување на превработеноста во јавните претпријатија и јавната администрација) веќе значително ги зголемија социјалните тензии (најавени генерални штрајкови за почетокот на 2004 година).

И покрај заложбите на Владата за поголема соработка со невладините организации, има малку иницијативи и примери за соработка. Од друга страна, Владата усвои „Акциски план за спроведување на препораките од извештајот за Стабилизација и асоцијација на Европската комисија за Република Македонија – 2003 година". Планот содржи посебен дел со конкретни мерки и активности кои се однесуваат на развојот на граѓанското општество и поттикнувањето на улогата на локалните НВО, како на пример: измени на Законот за здруженија на граѓани и фондации; воведување даночни олеснувања за здруженијата на граѓани и фондации; донесување стратегија за развој на граѓанското општество; донесување програма за соработка со НВО; формирање канцеларија на Владата на РМ за соработка со НВО; формирање центар за поддршка на НВО.

Во 2003 година МЦМС го заврши третиот среднорочен период (2001-2003). Во оваа година МЦМС го прослави својот јубилеј: 10 години од основањето.

МЦМС во 2003 година имаше вкупен обем (портфолио) од 144 проекти и севкупен буџет од приближно 140 милиони денари.

МЦМС имаше очекуван напредок во редовните програми: ВСЗ, ОЗИ, ПОР, ЈЖН, (започнати во претходните години). Започнати се нови програми: СЛД, ГКГ, ГСВ, СМР, ПРЛ, ПРМ, ЈПК, интензивирана е ФСИ и СЦР, а завршени се програмите: ПЈН (од 2000 година), ТКС и МГК (започнати кон крајот на 2001 година). Дел од планираните програми (ПГО и ЈСН) се спроведувани со помал обем, а МРИ е откажана. Во овој период МРФП го започна спроведувањето на новиот Стратешки план 2002-2005, со четири нови програми: ПФУ, НФУ, ПСР, ПРП.

Новини во работењето на МЦМС се: раздвојувањето на поранешната програма ПЈН во четири нови, започнување пилот-програма (ПРМ) за работа со црквите и верските заедници во Македонија, како и програма за меѓуетничка толеранција (Страници за меѓусебно разбирање - СМР).

Во овој период МЦМС спроведе постапка за избор на Извршен директор, која заврши на почетокот на јуни со повторен избор на Сашо Клековски за таа функција.

МЦМС продолжи со интезивна регионална соработка преку иницијативите на ССЦ, како мрежата за градење капацитет, АЦТ и АПРОДЕВ, а од оваа година се вклучи и во работата на Светскиот социјален форум. МЦМС се вклучи и во други иницијативи, како ИРЕНЕ на Обединетите нации, за формирање неформална регионална мрежа на НВО.



ВОДОСНАБДУВАЊЕ И САНИТАЦИЈА НА ЗАЕДНИЦИТЕ (ВСЗ)

Целта на програмата е обезбедување пристап до вода за пиење и соодветно одведување на отпадните води.

Целна група на програмата се жителите на заедниците во Македонија, со специфично фокусирање на регионите кои имаат значителни проблеми со водоснабдувањето и санитацијата.

Со одобрените 19 проекти во 2003 година опфатени се 22 селски заедници, во кои живеат 18.463 жители. Според етничкиот состав, најголемиот дел од нив или 44,72 % се Македонци, а потоа следуваат: 36,38% етнички Албанци; 16,69% Турци; 1,07% Срби; 0,70 % Роми и 0,44% Власи.

Во текот на 2003 година одобрени се 19 проекти за изградба, доградба или реконструкција на: четири пумпни станици, два приклучоци на регионални водоводи, еден зафат на вода (каптажа), 503 м³ резервоарски простор (4 резервоари), 40.960 м цевковод, еден филтер за пречистување вода, изградба на една пречисителна станица за отпадни води и санација на изградена пречистителна станица за отпадни води.

Вкупната вредност на 19-те одобрени проекти (без оперативните трошоци) изнесува 82.978.300 МКД. МЦМС учествува со 48.962.013 МКД или околу 60%.

ЗДРАВА ВОДА ЗА ПИЕЊЕ ЗА 140 ЗАБРЧАНЦИ

Селото Забрчани, општина Долнени, со доградба на водоводниот систем, конечно доби здрава вода за пиење. Задоволството на жителите на Забрчани беше поголемо затоа што Селскиот одбор, односно самите селани, со помош на општината во соработка со АМПЕП (невладина организација финансирана од шведската агенција СИДА), успеале да завршат скоро 50 отсто од планираните работи за изградба на водоводот.

„Тука сме од памтивек. Најголем дел од домаќинствата во селото се корисници на социјална помош. Јас порано работев во градот, во Прилеп. Отсекогаш сме имале проблеми со водата. Селото отсекогаш главно се занимавало со земјоделство, а сега и јас се занимавам со земјоделство, садам тутун, чувам стока... Во мојата куќа живееме 10-мина", ни кажа Живко Ристески, жител на селото.

„Последниве 10 години беа многу сушни. Бунарите пресушија, па одевме по вода во соседните села, во Сенокос, во Долнени, па и во Прилеп. До 1996 г. вода ни носеа во цистерни, но и тоа престана", додаде Живко.

Со изградбата на водоводот 140 жители, или 50 домаќинства на Забрчани, обезбедија долготрајно решение за проблемот со водоснабдување.

Населението досега главно се снабдувало со вода од 2 селски бунари во кои водата бактериолошки е загадена.

Со проектот што го спроведе МЦМС се догради веќе започнатиот систем за водоснабдување, односно изгради пумпна станица, спроведе инсталатерски работи на потисниот цевковод, како и комплетна изведба на повратниот цевковод и секундарната водоводна мрежа.

Селото и општината учествуваа со финансиски средства и работна рака за земјените работи на потисниот цевковод, како и обезбедување енергетски довод за работа на пумпната станица.



Забрчанци го решија проблемот со водоснабдувањето за подолго време



Мештаните дадоа сè од себе



ТРУДОТ НА КРАЈОТ СЕ ИСПЛАТУВА

Селото Арнакија е дел од општината Сарај, скопско. Жителите на селото веќе подолго време се соочуваат со недостиг на вода за време на летниот период. Во моментот тие се снабдуваат од неколку индивидуални локални бунари, иако се забранети за користење бидејќи се хемиски и бактериолошки загадени.

„Иницијативата за градење на водоводот започна пред две години. Општината не можеше да го реализира овој проект поради тешката економска состојба. Жителите на селото заедно со општината дадоа придонес за подготовка на проектот и негово аплицирање до различни институции. Во периодот јуни-септември околу 80 семејства остануваат без вода. Жителите со буриња натоварени на магарења одат да полнат вода во училиштето", ни кажа Хаџби Зендели, член на иницијативниот одбор за градење на водоводот.

Инаку жителите на с. Арнакија порано се занимаваа со земјоделство, но поради малиот профит сега помалку лица ја обработуваат земјата. Повеќето од жителите сега се вработени во јавни претпријатија или некои од семејството се наоѓаат во странство.

Со изградба на водоводот ќе биде решен проблемот со вода на 160 семејства.

Изградениот водовод ќе биде приклучен на градскиот водовод од Скопје во село Љубин, од каде се очекува населението да се снабди со доволно количини здрава вода за пиење.

„Колку и да се мачевме со различната документација и барање на можни инвеститори, на крај трудот ни се исплати. Сите ќе добиеме вода и нашите деца ќе бидат поздрави", ни кажа при заминување Хаџби Зендели.

Изградбата на водоводот е овозможен со донација од МЦМС, општината Сарај и самопридонесот на жителите од Сарај.

ОСПОСОБУВАЊЕ НА ЗАЕДНИЦИТЕ И ИНСТИТУЦИИТЕ (ОЗИ)

Целта на програмата е да се оспособат заедниците и институциите за организација и управување со развојните иницијативи. Оваа цел ја одразува стратегијата за решавање на институционалниот проблем на заедниците и институциите што директно води кон обезбедување одржлив развој.

Целна група на програмата се жителите на заедниците во Македонија, со фокусирање на регионите со значителни проблеми со водоснабдувањето и санитацијата.

Во 2003 година опфатени се 98 учесници од заедници и здруженија на граѓани, во рамките на организираните обуки, работилници, совети и консултации за подготовка, организирање и спроведување проекти.

Оваа година за прв пат МЦМС поддржа учество на 10 општини на саемот на општини организиран од страна на ЗЕЛС. Проектот овозможи размена на искуства помеѓу општините и подобро запознавање на јавноста и другите актери со работата на општините.

Во 2003 година финансиски беа поддржани три селски заедници за претпроектни активности, а пет јавни комунални претпријатија беа поддржани со техничка и канцелариска опрема.

КАКО ДА ИМ ПРИСТАПИМЕ НА ДОНАТОРИТЕ

„Мојата организација еднаш успешно стапи во контакт со донаторска организација од странство, а присутна во земјава. Тогаш се изборивме за поставување парно греење во Основното училиште 'Александар Здравковски' во Јегуновце. Околу подготвувањето на предлог-проектот тогаш доста ни помогна и градоначалникот на нашата општина", изјави Цонка Гроздановска од Здружението на жените на општина Јегуновце. За Гроздановска ова е прв семинар на тематиката „пристап до донаторите".

Стојан Лазарев, градоначалник на општината Конче и еден од учесниците на семинарот, по завршувањето на обуката истакна: „За првпат сум на ваков вид обука. Сега можам да ги увидам недостатоците од претходните мои искуства. По семинарот добивам поголема сигурност и дополнителни знаења. Тоа мое искуство ќе го споделам со вработените во Општината".

Обуката имаше за цел придонес кон развивање на капацитетите на лидерските групи на заедниците, овозможувајќи јакнење на локалните развојни иницијативи. На неа учесниците се стекнаа со знаења за тоа како се прави првиот контакт со донаторот, начинот на комуникација, поднесувањето предлог-проект, спроведувањето и известувањето и комуникацијата по завршувањето на проектот.



Членовите на локалните ЗГ и на општините учат како до полесен пристап до донаторите



ПРИМЕНЕТО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА МЛАДИТЕ РОМИ (ПОР)

Целта на програмата е да се подобри вклученоста во основното образование и да се зголемат можностите за вработување на ромската младина, преку подигање на свеста на децата и семејствата во ромските заедници за образованието, подобрување на односите меѓу училиштата и заедниците, подобрување на квалификуваноста и оспособеноста за бизнис на младите во ромските заедници и подобрување на информираноста на јавноста и јавните институции за образованието и проблемите на Ромите.

Целна група на програмата се младите Роми на возраст од 11 до 25 години, но во поглед на професионалните курсеви и чиракувањето е оставена можност за вклучување млади луѓе и до 30-годишна возраст. Со програмата се опфатени и поширокаата ромска заедница, персоналот од вклучените училишта, учениците кои не се Роми, и поширокаата јавност и јавните институции.

Програмата Применето образование за младите Роми се спроведува во 15 ромски заедници од 11 градови во Македонија, во соработка со 15 локални граѓански организации и исто толку основни училишта. Во нив, во текот на учебната 2002/03 година настава следеле вкупно 20.198 ученици, од кои 3.330 се Роми (или 16% од вкупниот број ученици во 15-те училишта). Во учебната 2003/04 година, во истите училишта настава следеле вкупно 16.184 ученици, од кои 3.454 Роми (или 21% од вкупниот број ученици).

Во рамките на ПОР, во текот на 2003 година се реализирани вкупно 22 проекти, од кои 19 грантови, кои се однесуваат на финансиска поддршка на проектите на локалните партнерски организации и опфаќаат активности за јакнење на свеста за образованието на семејствата во ромските заедници, активности за градење односи помеѓу училиштата и заедниците, и активности за подобрување на квалификуваноста на ромската младина. Беше организиран летен камп за 75 деца од вклучените училишта, како и меѓуучилиштен квиз-натпревар, на кој учество зедоа деца од сите вклучени училишта.



Ромите излегоа на скопските улици на Светскиот ден на Ромите

Во рамките на активностите за лобирање и застапување, во соработка со група ромски и други граѓански организации, беше организирана прослава на Осми април – Светскиот ден на Ромите, под мотото „Сите сме едно". Во текот на јуни, МЦМС ја поддржа националната конференција „Состојбата на Ромите во Македонија", на која учествуваа претставници на јавните институции и на граѓанскиот сектор, кои дискутираа за можните решенија за подобрување на состојбата на Ромите.

СОС-ЛИНИЈА ЗА ПОМОШ ОД ДРОГИ

Целта на програмата е да се обучат социјални работници и психолози, кои ќе се здобијат и ќе применат во пракса знаења и вештини за давање јасни и разбирливи информации за опасностите од употреба и злоупотреба на дрога и за превентива од заразување со вирусот на ХИВ, преку воспоставување и обезбедување функционирање на СОС-линија за дрога, да се реализираат превентивни активности: информации и совети во врска со дрогата и заштитата од сида и да се зајакне капацитетот на партнерите во програмата.

Целна група на програмата се граѓаните на Република Македонија кои имаат потреба од информации за употребата и злоупотребата на дрога и за опасностите и за можната заштита од сида, потенцијалните корисници на дрога (особено средношколската младина), како и зависниците од дрога. Со програмата е опфатена целата територија на Македонија. Дел од активностите се фокусирани на штипскиот регион, каде што е лоциран еден од партнерите во програмата - Меѓуопштинскиот центар за социјална работа (МЦСР-Штип).

Со Програмата беа опфатени 24 дипломирани социјални работници кои добија обука за работа на СОС-линија за дроги, 12 педагози, психолози и професори од шесте средни училишта во Штип, кои добиле обука за дроги и последиците од употреба и злоупотреба на дроги, 347 граѓани кои се јавиле на СОС-линијата за дрога, 70 ученици од шесте средни училишта во Штип – учесници на превентивни работилници и 14 членови/вработени од партнерските организации, кои учествувале на обука за институционален развој и организациско јакнење.



Тимот којшто ги прима повиците на СОС–линијата



ВРАБОТУВАЊЕ И ГЕНЕРИРАЊЕ ПРИХОДИ

МЦМС е основач и застапник на Македонската развојна фондација за претпријатијата (МРФП).

МРФП ги спроведува планираните активности од Стратешкиот план преку Програмата за финансиски услуги (ФУ), Програмата за нефинансиски услуги (НФУ), Програмата Потсекторски развој (ПСР) и Програмата Платформа за развој на мали и средни претпријатија (ПРП).

ПРОГРАМА ЗА НЕФИНАНСИСКИ УСЛУГИ (НФУ)

Целта на програмата е да се зајакнат капацитетите на актерите во секторот ММП. Задачи на програмата се да се поттикне еднаквиот пристап до финансиските услуги на индивидуалните земјоделци, самостојно вработените и претприемачите од МСП; да помогне во создавање погодна околина за развој на МСП и да обезбеди одржливост на услугите на сите нивоа.

Во 2003 година беа поддржани четири финансиски посредници, 53 здруженија и 10 советодавателi, односно советодавни куќи. На спроведените обуки учество зедоа вкупно 683 учесници.

ПРОГРАМА ЗА ФИНАНСИСКИ УСЛУГИ (ФУ)

Целта на програмата е подобрување на пристапот до финансиски услуги преку подобрен пристап за земјоделците, самовработените и претприемачите од ММП; промовирање услуги коишто се изводливи и повторливи во приватниот сектор; да се мобилизираат и прибираат финансиски средства во земјата и странство за финансиски и нефинансиски услуги и да се обезбеди одржливост на овие услуги на сите нивоа.

Во септември 2003 година беа акредитирани четири финансиски посредници: Тутунска банка А.Д. - Скопје, ИК банка А.Д. - Скопје, Стопанска банка А.Д. - Битола и Штедилница Можности, со кои се потпишаа рамковни финансиски договори.

Од заемот тип 1, наменет за индивидуални земјоделци, самостојно вработени и микропретприемачи преку трговски посредници, реализирани се 3 заеми во вкупен износ од 77.000 евра, со што се опфатени 12 крајни корисници.

Со заемот тип 2 се поддржани 43 мали претпријатија во износ од 1.603.474 евра.

Заемот тип 3 е исплатен во вкупно 1.115.696 евра преку 9 транши (7 преку Можности и 2 преку ИК банка), со што се поддржани вкупно 198 крајни корисници.

ПОТПИШАНИ РАМКОВНИ ФИНАНСИСКИ ДОГОВОРИ ПОМЕЃУ МРФП И АКРЕДИТИРАНИТЕ ФИНАНСИСКИ ИНСТИТУЦИИ

На 12 септември, 2003 г., Македонската развојна фондација за претпријатија (МРФП) ги потпиша рамковните финансиски договори за спроведување на кредитната линија со избраните финансиските институции: Извозна и кредитна банка А.Д. - Скопје, Стопанска банка А.Д. - Битола, Тутунска банка А.Д. - Скопје и Штедилницата Можности Скопје.

При потпишувањето на договорите, Сашо Клековски, застапник на МРФП, истакна: „По четиригодишното искуство со Тутунска банка и со Штедилницата Можности и овозможеното проширување на активностите од страна на холандската влада, денес, покрај досегашните, склучуваме договори со уште две нови банки - ИК банка и Стопанска банка А.Д. - Битола. МРФП се определи за концепт на јакнење на постоечките финансиски институции, наспроти поддршката на формирање нова институција, поради очекувањата дека тоа обезбедува поголем придонес кон остварување на целта за подобрување на услугите за микро и малите претпријатија".

Во оваа фаза ќе се понуди поддршка на развојот на кредитниот капацитет на филијалите и експозитурите надвор од Скопје што треба да помогне во регионалниот пристап. Во вкупниот износ на исплатени кредити, покрај средствата од МРФП, се очекува и учество на сопствениот капитал на банките, што преку мобилизација на домашните средства ќе го мултиплицира ефектот на странската помош.

Со усвојувањето на Стратешкиот план на МРФП 2002-2006 г. и потпишувањето на договорот за негово финансирање со владата на Кралството Холандија, фондот за заеми на МРФП се зголеми за дополнителни 4.9 милиони евра и на крајот на 2005 г. тој треба да изнесува околу 9 милиони евра. Во прилог на градење на капацитетот на целната група, МРФП, покрај заемите, обезбедува и нефинансиски услуги.



Нови рамковни договори за подобрен пристап до заеми



ПЛАТФОРМА НА ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ВО МАКЕДОНИЈА - (ПГО)

Целта на програмата е воспоставување механизам кој ќе придонесува за подобрена овозможувачка околина за граѓанските организации, преку иницирање и формирање партиципативна граѓанска платформа во Македонија, поттикнување на комуникацијата, координацијата и соработката меѓу граѓанските организации, поттикнување на соработката на граѓанските организации со јавноста, властите, донаторите и деловниот сектор.

Целна група на програмата се граѓанските организации во Македонија, јавноста, медиумите, јавниот сектор, приватниот сектор и меѓународните организации и агенции.



Претседателот Борис Трајковски го отвора 3 Форум на граѓанското општество

НВО САЕМ - 3 ФОРУМ НА ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО ВО МАКЕДОНИЈА

Со цел да придонесе кон јакнење на институционалниот капацитет на граѓанските организации во земјата, годинешниот НВО Саем - 3 форум на граѓанското општество во Македонија, широко ги отвори вратите за сите кои во периодот на одржувањето 20-22 ноември дојдоа на Скопскиот саем. Над 10.000 граѓани го посетија изложбениот дел каде на 135 штандови се претставија 205 граѓански организации од сите можни сектори, а за прв пат меѓу нив се најде и Секторот за европски интеграции на Владата на Република Македонија, како и верските заедници од Македонија. Исто така, на Саемот учество зедоа и организации од Црна Гора, од Турција, од Словенија, од Косово и од Бугарија.

Бројот на форумските активности беше зголемен за разлика од минатогодишниот. Беа организирани 48 панели, форуми, тркалезни маси, едукативни сесии, од кои само 4 беа организирани од страна на организаторите на Саемот, а останатите беа во организација на другите учесници.

Организатори на настанот беа Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС), Институтот отворено општество - Македонија (ФИООМ) и Институтот за трајни заедници (ИТЗ).

ГРАДЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ (ГКГ)

Целта на програмата е јакнење на организацискиот капацитет на граѓанските организации во Р. Македонија, за да се овозможи понатамошен развој на граѓанското општество преку подобрено функционирање на граѓанските здруженија, обезбедување поволни услови за јакнење на капацитетите на граѓанските организации преку обука и консултации и да се направи трансфер на знаења и вештини кон граѓанските здруженија што влијае на нивно поефикасно и поефективно работење.

Целна група на програмата се граѓанските организации во Р. Македонија.

Со програмата беа опфатени вкупно: 252 учесници во рамките на обуката, од кои 196 во стандардните курсеви, 56 во скроените курсеви и 8 волонтери за обуката низ работа.

НАПРЕДЕН КУРС ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

Како да ѝ ги покажеме резултатите од нашата работа на јавноста? Како да ѝ ги објасниме нашите цели и задачи? Како да ги приближиме ефектите од нашата работа до граѓаните? Има уште многу прашања со кои секојдневно се соочуваме и на кои одговараме онака како што знаеме и умееме. Курсот беше насочен кон пренесување знаења и вештини за градење и одржување релации со јавноста преку медиумите, електронските и пишаните, и преку сопствени начини и форми (брошури, билтени, извештаи, презентации и сл.).

Валентина Шаурек, раководител на Секторот правосудство во Министерството за правда, како учесник на обуката, кажа: „Моите контакти со јавноста доаѓаат до израз кога организираме конференции и семинари, кога контактираме со странци, со донатори и сл. На ваков вид обука сум за првпат. Можам да кажам дека овде имам можност да ги подобрам моите знаења. Тоа би ми користело во многу случаи, еве, на пример, за комуникација со новинарите. Тие често знаат да постават незгодни прашања, истото може да ти се случи и со странските дипломати, па добро е во тој момент да знаеш како присебно да одговориш".



Односите со јавноста се битен елемент во работата на секое ЗГ

На курсот учествуваа 16 претставници на граѓански организации, владини институции и бизнис-сектор.





МЦМС започна со издавањето на публикацијата Граѓански практики која е резултат на нашата потрага по наше „домашно" разбирање на граѓанското општество. Трагањето по одомаќени концепти и практики на граѓанското општество е резултат на свеста дека граѓанските организации и иницијативи се делотворни само ако се домашна сопственост и ако се вкоренети во општеството. Граѓанските практики треба да ја поттикнат и поддржат изградбата на одомаќени концепти и практики на граѓанското општество во Македонија. Беа објавени две публикации со две носечки теми „100 години македонска државност - граѓанските иницијативи низ тој период" и „Граѓанско образование - ја постигна ли целта".

ЈАКНЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА ЖЕНСКИТЕ НВО (ЈЖН)

Целта на програмата е развивање вештини и знаења кај женските здруженија за примена на концептот на родовата еднаквост во заедниците преку развивање, промоција и спроведување иницијативи соодветни на нивната целна група.

Целна група на програмата се жени од рурални област и приградски населби, со особен фокус на различните етнички малцинства.

Со обуките и тематските работилници се опфатени вкупно 9 активистки на женски граѓански организации вработени во организациите, 15 локални обучувачи/чки обучени за концептите на родова еднаквост, методи и техники за спроведување на партиципативна обука, 258 учесника на локалните обуки за родова еднаквост, испорачани од локалните обучувачи/чки, 108 учесника/чки на шесте тематски работилници за родова еднаквост на различни теми. Околу 800 невладини организации, владини институции и поединци беа опфатени со дистрибуција на информативното гласило Перспективи.

ЈАКНЕЊЕ НА СТРАТЕШКИТЕ ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ (ЈСН)

Целта на програмата е јакнење на организацискиот и институционалниот капацитет на стратешките граѓански организации во РМ, кои ќе го зајакнат своето влијание и ќе направат значителни промени во секторот во кој дејствуваат и пошироко. Програмата треба да придонесе во градење ефективно граѓанско општество.

Целна група на програмата се граѓанските организации од Македонија кои во иднина ќе бидат од стратешко значење во развојот на граѓанското општество.

Со програмата беа опфатени 5 организации: Полио плус - пост полио група за поддршка, Скопје, ПДАС „Меѓаши", Скопје, Движењето на екологистите на Македонија, Скопје, Сојузот на организациите на жените на Македонија, Скопје и Асоцијацијата за демократски иницијативи, Гостивар.

ГРАЃАНСКО-СОВЕТОДАВНИ ЦЕНТРИ (СЦР)

Целта на програмата е подобрена информираност и зајакната свест на граѓаните за остварување на нивните права за создавање објективна основа за влијание врз власта.

Целна група на програмата се маргинализираните групи кои живеат на територијата на Република Македонија, кои немаат соодветен пристап до информации за заштита на нивните граѓански права.



Отворање на Советодавниот центар во Делчево

Во рамките на програмата беа формирани шест советодавни центри - во Гостивар, во Куманово, во Штип, во Прилеп, во Делчево и во Скопје. Основните активности на граѓанско-советодавните центри во овој период беа: презентација на програмата до целната група и надлежните институции; собирање и дистрибуција на информации во врска со граѓанските права; помош на лица кои имаат потреба за вадење лична документација; помош на лица кои не знаат да ги комплетираат документите за остварување здравствена или социјална помош; пополнување апликации за остварување право за вработување, социјален надоместок, здравствена заштита, пријавување во завод за вработување и др.

По воспоставувањето на центрите, со барање за совет или правна помош се обратиле 118 лица. Во рамките на програмата беа одржани три обуки: обука за заштита на човековите права; РПЦ и ИР-ОЈ, каде беа опфатени 14 корисници (персоналот или активисти на организациите).

Промотивни/информативни материјали се отпечатени при самото отворање на советодавните центри. Тиражот на лифлетите е 500 примероци во секој советодавен центар и е дистрибуиран до институциите на локалните самоуправи и населението. Во ноември беше публикувано првото издание на информаторот „Монитор".



ГРАЃАНСКО ОПШТЕСТВО И ДЕМОКРАТИЈА

СТРАНИЦИ ЗА МЕЃУСЕБНО РАЗБИРАЊЕ (СМР)

Целта на програмата е да се подобри информираноста на јавноста за меѓуетничките односи во Македонија и да се влијае врз медиумите известувањето за меѓуетничките односи да биде објективно и сестрано.



Прес-конференцијата на која што беше промовирана СМР

Целна група на програмата се јавноста и новинарите, односно медиумите.

Програмата СМР е подготвена и целосно се спроведува во соработка со партнерската организација Здружение на новинарите на Македонија (ЗНМ), со Македонската информативна агенција (МИА) и со петте весници: Дневник, Утрински весник, Факти, Вечер и Лоби.

Првата „заедничка страница", под наслов „Меѓутоа", беше објавена на 14.08.2003 година. До крајот на годината „Меѓутоа" беше објавена 21 пат. Страницата се објавува секој четврток во петте весници, како и на веб-страницата на МИА. Беше одржана и една трибина под наслов „Разоружувањето и новинарското известување".

ПОДДРШКА НА РАСЕЛЕНИТЕ ЛИЦА (ПРЛ)

Целта е да се придонесе кон процесот на стабилизација на регионите погодени од конфликтот од 2001 година, како и да се поддржат раселените лица во напорите за решавање на нивната состојбата, преку помош за заштита на нивните права, поддршка на социјалните активности, јакнење на нивните здруженија и истражување на потребите и можните решенија за проблемот.



Од спроведувањето на студијата за оценка за состојбата на РЛ

Целна група се раселените лица од селата погодени од конфликтот, кои сè уште немаат или сметаат дека немаат услови за враќање во своите домови. Фокусот е на раселените лица во колективните центри.

МЦМС ја продолжи поддршката на трите здруженија на внатрешно раселените лица и во 2003 година. Беше отворена заедничка канцеларија во Скопје со постојано ангажирање на едно лице. Исто така, беше ангажиран адвокат, кој покрена постапки за остварување на правата на раселените лица. Дел од поддршката на раселените лица (особено децата) се однесуваше на психо-социјални активности, со оглед на траумaтизираноста по двегодишниот престој во колективните центри. Ова вклучи седумдневен престој во летен камп на 96 деца од колективните центри и опремување интернет-клуб во еден од колективните центри. Кон крајот на годината се спроведе студија за оценка на состојбата. Мисијата вклучи анализа на постоечките документи и извештаи, интервјуа со релевантни актери, теренски посети и работилници.

КРОССЕКТОРСКИ ПРОГРАМИ

НАГРАДА ЗА ГРАЃАНСКО ОПШТЕСТВО И ДЕМОКРАТИЈА (ГОД) НАГРАДА ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ ХЕРТ ЈАН ВАН АПЕЛДОРН (ГЈА)



Наградените за ГОД и ГЈА за 2003 г.

Целта на наградите е да се поддржат граѓаните и организациите кои даваат особен придонес на локалните и националните иницијативи за развој на граѓанското општество и демократијата, односно за одржливиот развој во Македонија.

Целни групи се организациите, групите и заедниците, како и поединците активни во граѓанскиот сектор.

Оваа година Наградата за граѓанско општество и демократија ја добија: А1 телевизија, за долгогодишен придонес; Македонското женско лоби, за постигнувања во претходната година и здруженијата Натира и Зора за транспарентност, односно соработка.

Наградата Херт Јан ван Апелдорн ја добија Боге Чадиновски за долгогодишен придонес, а за постигнувања во претходната година - А.Д. Алкалоид.



МЕЃУНАРОДНИ ПРОГРАМИ

ЈАКНЕЊЕ НА ПАРТНЕРИТЕ ВО КОСОВО (ЈПК)

Целта на програмата е да се зајакне институционалниот капацитет на локалните партнери за поефективно спроведување активности во напорите за развојот на граѓанското општество во Косово.

Целна група се корисниците на услугите на трите локални НВО од Ѓаковица, партнери во спроведувањето на програмата. Партнерските организации се: Косовскиот развоен центар; Ние сме со вас; и Косовската женска иницијатива.

Првите проекти во делот за градење капацитети беа одобрени минатата година и започнаа со постапки за надворешна финансиска ревизија на сметките на трите партнери за 2002 година, како услов за продолжување на поддршката. Плановите за градење капацитет вклучуваа: обуки на персоналот и управните структури за стратешко планирање, РПЦ, организациски развој, англиски јазик, раководење со човечки ресурси и мобилизација на фондови; студиски и разменски посети; развој на процедури.

МРЕЖА ЗА ГРАДЕЊЕ КАПАЦИТЕТ (МГК)

Целта на програмата е да се зајакнат капацитетите на екуменските партнери од Југоисточна Европа во насока на развој на меѓусебната соработка.

Целна група се партнерските НВО од регионот.

Оваа година заврши програмата која започна во 2001 година. Во 2003 година беа спроведени неколку активности, како посета на НВО саем во Загреб, обуки за партнерите, како и Адресар на екуменските партнери во Југоисточна Европа. Во декември беше одржан и Третиот партнерски состанок на кој се утврдија принципите на соработката, визијата и мисијата на мрежата, како и предлози за конкретни активности, што послужи за формулација на нова програма.

ЈУБИЛЕЈ НА МЦМС

Македонскиот центар за меѓународна соработка е основан на 14 декември 1993 година. МЦМС го одбележа јубилејот - десет години од неговото основање со кампањата „Јас живеам овде", свечена академија и монографија. Свечената академија се одржа во Холидеј ин (во 1993 година Гранд хотел, каде се одржуваа и основачките средби). На прославата беа присутни околу 700 гости. Меѓу нив и Борис Трајковски, претседател на РМ, Лилјана Поповска, потпретседател на Собранието, Радмила Шекеринска, потпретседател на Владата. За настанот беше отпечатена монографија „10 години МЦМС" во 2000 примероци на македонски јазик. Монографијата ги опфати најзначајните настани во текот на изминатите десет години. Монографијата беше дистрибуирана на околу 800 адреси, како здруженија на граѓани, медиуми, бизнис-сектор, државни институции, амбасади итн.



Од свечената академија на МЦМС во х. Холидеј ин во Скопје



СТРУКТУРА И РАЗВОЈ НА МЦМС

УПРАВЕН ОДБОР

1. Мирко **СПИРОСКИ**, *претседавач*
доктор по медицински науки, професор на Медицинскиот факултет во Скопје
2. Наташа **ГАБЕР-ДАМЈАНОВСКА**, *заменик-претседавач*
доктор по политички науки, виш научен соработник во Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања
3. Букурије **БАЈРАМИ**
невработена, член на Претседателството на САЖМ - Тетово
4. Билјана **ГЕРАСИМОВСКА-КИТАНОВСКА**
доктор по медицина, претседател на ЕСЕ - Скопје
5. Мухамед **ТОЧИ**
невработен, член на Претседателството на ХДЗР „Месечина"
6. прота Драги **КОСТАДИНОВСКИ**
архиерејски заменик и генерален секретар на „Милосрдие", агенција на Македонската православна црква
7. Зејнула ефенди **ФАЗЛИУ**
референт во кабинетот на претседателот на Исламската верска заедница
8. пречесен Михаил **ЦЕКОВ**
пастир на Евангелско-методистичка црква во Струмица
9. Свето **СТЕФАНОВСКИ**
новинар, главен и одговорен уредник на ревијата „Екологија"
10. Теута **КРАШНИЦА-ЧУЧКОВА**
уредник-коментатор во Македонското радио, координатор на Одборот за мировна и граѓанска иницијатива

СОВЕТ

Мирко **СПИРОСКИ**
Букурие **БАЈРАМИ**
Василка **БОЖИНОВСКА**
Дејан **БОЈКОВСКИ**
Диме **ВЕЛКОВСКИ**
Мето **ЈОВАНОВСКИ**
Андон **МАРКОВСКИ**
Абдурауф **ПРУСИ**
Муќереме **РУСИ**
Самет **СКЕНДЕРИ**
Даниела **СТОЈАНОВА**
Билјана **ГЕРАСИМОВСКА-КИТАНОВСКА**
Дилбера **КАМБЕРОВСКА**
Александар **МИХАЈЛОВСКИ**
Наташа **ГАБЕР-ДАМЈАНОВСКА**
Ѓунер **ИСМАИЛ**
Нурие **КАДРИУ**
Зоран **КОСТОВ**
Теута **КРАШНИЦА-ЧУЧКОВА**
Иван **ТУЛЕВСКИ**
Мухамед **ТОЧИ**
Драги **КОСТАДИНОВСКИ**
Зејнула **ФАЗЛИУ**
Михаил **ЦЕКОВ**
Ѓоко **ЃОРГЕСКИ**
Димче **МИТРЕСКИ**

ОРГАНИЗАЦИИ СО СОВЕТОДАВЕН СТАТУС ВО МЦМС ОД I КАТЕГОРИЈА

1. Хуманитарно и добротворно здружение на Ромите „Месечина" - Гостивар (Месечина)
2. Хуманитарна организација „Ел хилал" - Скопје (Ел хилал)
3. Хелсиншки комитет за човекови права - Скопје (ХКЧП)
4. Движење на екологистите на Македонија - Скопје (ДЕМ)
5. Младински совет на Македонија - Скопје (МСМ)
6. Сојуз на студентите при Универзитетот „Свети Кирил и Методиј" Скопје (ССУКМ)
7. Организација на жените на Македонија - Скопје (ОЖМ)
8. Сојуз на организациите на жените во РМ - Скопје (СОЖМ)
9. Сојуз на албанската жена во Македонија - Тетово (САЖМ)
10. Сојуз на пензионерите на Македонија - Скопје (СПМ)

ОРГАНИЗАЦИИ СО СОВЕТОДАВЕН СТАТУС ВО МЦМС ОД II КАТЕГОРИЈА

1. Хуманитарна организација „Хомос" - Скопје (Хомос)
2. Еманципација, солидарност и еднаквост - Скопје (ЕСЕ)
3. Ромска организација на жените на Македонија „Даја" - Куманово (РОЖМ)
4. Прва детска амбасада во светот „Меѓаши" - Скопје (Меѓаши)
5. Хуманитарно добротворно здружение на Ромите (Пхурт) - Делчево (ХДЗР)
6. Организација на жените „Хоризонт" - Кривогаштани (Хоризонт)
7. Еколошко друштво „Злетовица" - Пробиштип (Злетовица)
8. Еколошко друштво „Изгрев" - Свети Николе (Изгрев)
9. Еколошко друштво „Виножито" - Штип (Виножито)
10. Здружение на самохраните мајки - Штип (ЗСМШ)
11. Сојуз на слепите во РМ - Скопје (ССРМ)
12. Организација на ромската младина „Англунипе" - Скопје (Англунипе)



ИЗВРШНА КАНЦЕЛАРИЈА НА МЦМС

Извршен директор
Сашо Клековски

Група за развој
Павел Роман Пападимитров
Димче Митрески
Александар Гумберовски
Владимир Лазовски
Нахида Зекирова
Александар Јовановски

Група за вработување
Тетјана Лазаревска
Јоана Јосифовска
Љупчо Тошев
Афродита Муслиу
Лазар Неданоски
Лирим Хајредини

Група за граѓанско општество
Сунчица Саздовска
Лилјана Алчева-Јовановска
Валентина Чичева
Неда Малеска-Сачмароска
Фатмир Битиќи
Калин Бабушку
Куштрим Хоџа
Емина Нурединоска
Кренар Кука

Група за информации
Гонце Јаковлеска
Даниел Медароски
Грамоз Шабани
Филип Стојановски
Адис Рахиќ
Сузан Шакир
Даниела Стојановска
Билјана Вучуревиќ

Кроссекторски и меѓународни програми
Александар Кржаловски
Александар Стевановски
Александар Стамболиев
Ѓорѓи Тане
Тања Хафнер
Миодраг Колиќ
Дервиша Хаџиќ

Административна група
Александар Бужаровски
Милка Божиновска-Миова
Мирјана Куновска
Данило Митов
Марјан Димитров
Весна Богдановска

ПЕРСОНАЛ

На крајот на 2003 година МЦМС имаше 39 соработници, или во периодот има 37,9 еквиваленти на полно работно време (ЕПРВ).

Во изминатиот период имаше промени во персоналот: на четири соработници им престана работниот однос, по нивно барање (два соработника од Оделението за граѓанско општество и по еден од Одделението за поттикнување на вработувањето и од Групата за меѓународни програми; вработени се пет соработници (по еден во Одделенијата за поттикнување на вработувањето и за информации, а три во Групата за кроссекторски и меѓународни програми) од кои еден на договор на дело; еден соработник е внатрешно прераспределен (од Групата за итни операции, во Одделението за граѓанско општество), а еден е прераспределен како замена на соработничка на породилно отсуство.

Дел од вработените ги посетија скроените обуки за административно работење, раководење со проектен циклус, институционален развој и организациско учење. Индивидуално беа посетени обуките за: јакнење на граѓанското општество, законска регулатива за годишна пресметка за 2002 година, проект менаџмент и администрација на програма, современи технологии во компјутерските мрежи, обука на обучувачи, јавно застапување и лобирање, развој на малите и средните претпријатија во глобалната економија, Советот на Европа во функција на иницирање законски промени во материјата за лицата со хендикеп во РМ и регионот, 6-ти симпозиум ДЕКУС и веб-дизајн за невладини организации.

СОРАБОТКА

МЦМС имаше интензивна соработка со домашните невладини организации и единиците на локалната самоуправа, а остварени се контакти и со Владата и другите државни институции.

МЦМС ја продолжи соработката со Светскиот совет на црквите и Конзорциумот за Македонија и АЦТ интернационал.

Конзорциумот за Македонија ја одржа својата осма средба во мај во Скопје. На средбата учествуваа ИЦЦО, ДЦА, ЕЕД, ЦАИД, НЦА, ССЦ и МЦМС. На средбата е расправано за социо-економската и политичката состојба во земјата, за извештајот за работата на МЦМС за 2002 година, се расправаше за плановите на МЦМС во наредниот период и за понатамошната соработка. Деветтата средба се одржа во ноември во Бон, Германија (домаќин беше ЕЕД). Остварени се и неколку билатерални средби.

ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

И во текот на оваа година продолжи да излегува МЦМС Билтенот на македонски и англиски јазик. МЦМС издаде две публикации за Годишниот извештај. Првата, на 20 страници содржеше пообемни информации за работата на МЦМС и беше наменета за целните групи и партнерите на организацијата. Втората, во помал формат и со основните информации за активностите на МЦМС во 2003 година беше наменета за јавноста.

Остварени се вкупно 560 настапи во домашните и странските медиуми, од кои 93 во електронските, а 467 во печатените медиуми. Од објавите во печатените медиуми, 416 се платени огласи, додека 144 се натписи со кои се информира за работата на МЦМС.

МОБИЛИЗАЦИЈА НА ФОНДОВИ

МЦМС подготви неколку пријави за средства. Европската агенција за реконструкција ја одобри пријавата за двегодишната програма Страници за меѓусебно разбирање; пријавата за програмата Поврзување на религиите во Македонија е одобрена од страна на ДЦА и НЦА; одобрена е пријавата за едногодишна поддршка за водоснабдување до Норвешката црковна помош (НЦА); апликациите за ДЦА за програмите ЈСН 2003-2005, ПГО 2003-2004 година се одобрени; до ИЦЦО се достави апликација за основната среднорочна програма 2004-2006 година која е одобрена, како и апликацијата од ЕЕД за програмите ГКГ, ГСВ и ЈСН 2004-2006 год.

PRICEWATERHOUSECOOPERS

PricewaterhouseCoopers
ul. Marshal Tito 12,
"Palata Makedonija" IV floor
PO Box 355
1000 Skopje
Republic of Macedonia
Telephone +389 (02) 3116 638
+389 (02) 3111 012
+389 (02) 3110 623
Facsimile +389 (02) 3116 525

Извештај на ревизорите

До Македонски центар за меѓународна соработка

Извршивме економско-финансиска ревизија на комбинираниот биланс на состојба на Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС) за годината завршена на 31 декември 2003 година и на соодветните извештаи за приходите и расходите и паричниот тек, прикажани на страните од 2 до 19. Одговорноста за овие финансиски извештаи е на раководството на МЦМС. Нашата обврска е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи базирано на нашето испитување.

